АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# INFORMATOR

БРОЈ 60 Април 2007

## СОРАБОТКА ПОМЕЃУ АДВОКАТСКА КОМОРА НА РМ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

По многубројните контакти и остварени средби на претставници на Адвокатската комора на Република Македонија со Министерството за внатрешни работи во врска со проблемите со кои се соочуваат адвокатите, а кои се однесуваат на пристапот до потребни информации, беше договорено склучување на генерални договори на адвокатите со МВР. По однос на ова прашање, интегрално Ви го пренесуваме дописот добиен од страна на МВР:

АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Датум: 25.04.2007
03 887

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
ЦЕНТРАЛНИ ПОЛИЦИСКИ СЛУЖБИ
Бр.16.4.1 - 27571/
20.04. 2007 година
Скопје

**ДО**
**АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ул. Даме Груев број 3 влез 5 локал 8**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: известување, доставува-**
**ВРСКА: наши акти бр. 16.4.1-19846/1 од 20.03.2007год. и бр. 16.4.1-19845/2 од 05.04.2007год.**

Со наши акти со горенаведените броеви и датуми Ве известивме за тоа кои се потребните документи што адвокатите treba da gi dostavat vo prilog na barawata podneseni do MVR za sklu~uvawe na dogovori za dobivawe na li~ni podatoci.

Kako dopolnuvawe na navedenite akti, a vo interes na vzaemnata sorabotka, bi sakale da Ve izvestime za slednoto:

Barawata za sklu~uvawe na dogovor pome|u advokatot i Ministerstvoto za vnatre{ni raboti, **taksirani so administrativna taksena marka od 50,00 denari** i kompletirani so potrebnite dokumenti (pismeno i obrazlo`eno barawe vo koe }e bidat navedeni pri~inite, zakonskiot osnov za koristewe na li~nite podatoci i kategorijata na li~nite podatoci koi se baraat vo konkretniot slu~aj; licenca za rabota odnosno re{enie za zapi{uvawe vo imenik na advokati; polnomo{no od stranka i tu`ba, zapisnik ili drug pismen akt so koja sudot dava zadol`enie za dostavuvawe na odredeni li~ni podatoci), potrebno e advokatite da gi dostavuvaat do Ministerstvoto za vnatre{ni raboti - Centralni policiski slu`bi - Sektor za zaedni~ki raboti.

Otkako }e bide potpi{an dogovorot od strana na dvete dogovorni strani, sekoe idno poedine~no podneseno barawe za dobivawe na li~ni podatoci, **taksirano so administrativna taksena marka od 50,00 denari** i kompletirano so potrebnite dokumenti (polnomo{no od stranka i tu`ba, zapisnik ili drug pismen akt so koja sudot dava zadol`enie za dostavuvawe na odredeni li~ni podatoci) advokatot e potrebno da go dostavi direktno do podra~nata organizaciona edinica na ministerstvoto ( Sektor za vnatre{ni raboti ) spored mestoto na `iveali{teto na liceto za koe se baraat podatocite.

*prodol`uva na str. 2*

*продолжува од стр.1*

На Работниот дел на 52-то Годишно Собрание на Адвокатската комора на Република Македонија, претставниците едногласно ги усвоија Извештаите за работа на Управниот Одбор на АКРМ за 2006 година, како и извештаите за работа на Надзорниот Одбор, Дисциплинскиот Обвините, Дисциплинскиот суд и Жалбениот Совет, и записникот од 51-то Годишно Собрание на АКРМ. Истовремено беше разгледана и едногласно усвоена завршната сметка за 2006 година.

На работниот дел од Собранието беа разгледани и едногласно усвоени, новиот Кодекс за професионална етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатски приправници на Адвокатска комора на Република Македонија, како и измените и дополнувањата на Статутот на Адвокатска комора на Република Македонија, целосно услогласени со Законот за адвокатура.

Со цел да се одбележи овој настан кој е од исклучително значење за Адвокатската комора на РМ, а истовремено и со цел достојно да се претстави нашата држава пред големиот број на странски гости, Адвокатската комора на Република Македонија, повторно договори спонзорства со Тиквеш, Ино Спектар кои ни помогнаа со свои производи, како и целосно обезбедување на превоз на нашите гости за време на Годишното Собрание од страна на Симекс Автотранспорт.

## СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

Адвокатската комора на Република Македонија помеѓу останатите свои активности започна и соработка со Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Оваа првична меѓусебна соработка резултираше со активно учество на наши колеги - адвокати кои на студентите на овој Универзитет им одржаа предавања од областа на адвокатурата како и примери од секојдневното работење на адвокатите. Со цел поблиско запознавање со адвокатската професија на студентите од Универзитетот на Југоисточна Европа, беше организирана пракса на 20 студенти преку нивно двонеделно волонтирање во канцелариите на адвокати од Скопје, Тетово и Гостивар.

## СЕМИНАРИ НА ТЕМА "ЗАКОН ЗА АДВОКАТСКА МАРКИЧКА И АДВОКАТСКА ТАРИФА"

Како продолжение на активностите за континуирана едукација на адвокатите членови на Адвокатската комора на Република Македонија, беа одржани семинари на тема „ Адвокатска маркичка„ на 04 април 2007 година во мотел„ Петрол Компани „ Тетово, на кој присуствуваа и гости од регионаланата дирекција на Управата за јавни приходи Тетово и тоа : Г-дин Стојан Апостолоски и Г-дин Реџеп Мусаи. Модератор на семинарот беше Г-ѓа Дивна Павлоска, заменик претседател на УО и претседател на Комисија за едукација, која го отвори семинарот и ги претстави предавачите Г-дин Ненад Јаниќевиќ, претседател на УО на АКРМ и Г-дин Атанас Андреевски адвокат од Скопје член на Комисија за норматива, како активни учесници во изготвувањето на предлог Законот за адвокатска маркичка.

На 20 мај 2007 година во просториите на Основниот суд Прилеп се одржа уште еден семинар на истата тема. На овој семинар предавачи беа Г- Ненад Јаниќевиќ, претседатрел на УО на АКРМ и Атанас Андреевски, член на Комисија на норматива, адвокат од Скопје. Присуствуваа голем број на адвокати од Адвокатската заедница Прилеп кои покажаа голем интерес за воведувањето на адвокатската маркичка како можност за замена на фискалната каса, и од дискусијата беа донесени следните заклучоци:

- **Иницијативата за донесување на пропис, односно Закон за адвокатска маркичка, се поддржува од сите учесници, при што да се превземат активности оваа иницијатива да резултира со донесување на Закон во најкраток можен рок.**
- **Да се организираат семинари на сите Апелациони судови од кои ќе се сумираат размислувања од сите адвокати во врска со Законот за адвокатска маркичка.**
- **Да се прецизира и дополни работната верзија за примена на адвокатската маркичка и во другите постапки пред надлежните субјекти, а не само пред судовите.**
- **Да се убрза соработката со УЈП за изготвување на конечна верзија на нацрт Закон за адвокатска маркичка.**
- **Да се имаат во предвид забелешките и дополнувањата на нацрт верзијата од претставниците на УЈП кои се дадени како нивно лично размислување.**
- **АКРМ уште порешително застанува во борбата против нелојалната конкуренција, која е најизразена со незаконското постапување на правните бироа, консалтинзи, со директно нивно пријавување до надлежните органи заради поведување на постапка за утврдување на нивна одговорност и казнување.**
- **Задолжителна примена на тарифата за сите адвокати и истата да биде задолжителна во примена на Законот за адвокатска маркичка.**
- **Да се закаже итна средба со Централен Регистар заради разрешување на проблемот со постапката за основање и промена на субјектите кои се запишуваат во Централен Регистар.**
- **Барање средба со Врховен суд околу одлучување на одредени судии во постапки каде се јавува АКРМ како спротивна странка.**
- **Да се предвиди во измените на тарифникот адвокатите кои подлежат на ДДВ, истото да може да го пријават во своите трошковници.**
- **Сите денес дадени забелешки од учесниците на семинарот да бидат доставени до Комисијата за норматива, истата да се произнесе по нив и сугестиите и забелешките да влезат во предлогот за донесување на Закон за адвокатска маркичка и во адвокатската тарифа.**

*СПЕЦИЈАЛНО ЗА АДВОКАТИ !!*

*ПОЗНАТИТЕ РУРА МАШКИ И ЖЕНСКИ ЧОРАПИ*



RURA
italian style
Момин Поток 6б • 1000 Скопје • Македонија
Тел: +389 2 3091 207, 3095 146

## СЕМИНАР НА ТЕМА "ПОЛНОМОШНО И АДВОКАТСКА МАРКИЧКА ПРЕД НОТАР И ОСВРТ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА НОТАРСКИ РАБОТИ"

На ден 14 Април 2007 година во хотел Континентал во Скопје се одржа семинар на тема "Полномошното на адвокат и адвокатската маркичка пред нотар и Осврт на Законот за вршење на нотарски работи", организиран од страна на Адвокатската комора на Република Македонија како дел од активностите за континуирана едукација на своите членови, во соработка со Нотарската комора на Република Македонија.

На семинарот присуствуваа голем број на нотари и адвокати од повеќе градови ширум државата, а особено значајно беше присуството на Г-дин Николчо Лазарев, шеф на Кабинет на Министрот за правда. Модреатор на семинарот беше Г-ѓа Дивна Павловска, заменик претседател на Управен Одбор на  на АКРМ и претседател на Комисија за едукација, која го отвори семинарот. Предавач на овој семинар беше Г-дин Ненад Јаниќевиќ, претседател на Управен Одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, кој даде излагање на тема Адвокатско полномошно и Адвокатска маркичка пред нотар. При тоа особено ја истакна улогата на адвокатот и потребата за соработка помеѓу адвокатите и нотарите, а истовремено како активен учесник во изготвувањето на Законот за адвокатска маркичка ја образложи намената на адвокатската маркичка.

Г-дин Златко Николовски, претседател на Нотарска комора на Република Македонија во своето излагање даде осврт на новините во Законот за нотаријат. Особено беше истакнато укинувањето на член 6 од Законот кој гласи "Нотарот е овластен да ги застапува странките во неспорните работи пред судовите и другите органи, ако тие работи се во непосредна врска со нотарскиот акт", како и измената со која изготовката на договори и приватни исправи од страна на нотар согласно промените  во Законот за нотарски работи, е недозволива и претставува тешка дисциплинска повреда.

Овој семинар кој предизвика плодна дискусија, наиде на одличен прием кај присутните учесници и претставува чекор кон натамошна успешна соработка помеѓу Адвокатската комора на Република Македонија и Нотарската комора на Република Македонија.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА АДВОКАТСКИ ТОГИ

**Согласно измените и дополнувањата на Законот за адвокатура, македонскиот адвокат задолжително ќе носи адвокатска тога во судовите низ Република Македонија, чија изработка е веќе започната.**

**За таа цел, Ве известуваме дека е потребно во најскоро време сите адвокати да се јават до  АКРМ на тел. 02 / 3165-409 или 02/ 3212-452, или до претседателите на Адвокатските заедници и да не информираат за големината на својот конфекциски број.**

*АДВОКАТСКИ КЛУБ РЕСТОРАН "НАЦИОНАЛ"*
*20 % попуст за сите членови на Адвокатска комора на РМ*
*тел. 02 / 3214 200*

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СТРУЧНА СЛУЖБА**